Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Министерство за транспорт и врски, на ден 20.07.2020 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на м.в. Церот, на КП 3941/2 и КП 3947, КО Демир Капија, општина Демир Капија потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на м.в. Церот, на КП 3941/2 и КП 3947, КО Демир Капија, општина Демир Капија се определуваат следните: општина Демир Капија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЕВН и др.

3. За планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на м.в. Церот, на КП 3941/2 и КП 3947, КО Демир Капија, општина Демир Капија, за чија изработка е одговорно Ин Пума Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти на м.в. Церот, на КП 3941/2 и КП 3947, КО Демир Капија, општина Демир Капија ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух, влијание врз биодиверзитетот и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 24-4987/1
Датум: 20.07.2020 година
Место: Скопје

Министер
Горан Сугарески

Scanned with CamScanner